# Народна банка на Република Македонија

# Месечна информација
# 05/2011

јуни, 2011 година

**Резиме**

**Во текот на мај 2011 година, основната каматна стапка на НБРМ остана непроменета на нивото од 4%**, заради оценката дека таа соодветствува на севкупниот макроекономски амбиент. Во мај 2011 година, **за првпат по девет месеци, стапката на инфлација забележа месечно намалување за 0,2%**, главно заради падот на цените на свежиот зеленчук. Намалениот притисок од увозните цени влијаеше во иста насока. Имено, во мај, просечната цена на суровата нафта на светските берзи забележа месечен пад, за првпат по деветмесечниот постојан раст. Годишната стапка на инфлација во мај 2011 година изнесуваше 5,2%, додека просечната годишна стапка на инфлација за првите пет месеци на 2011 година изнесува 4,5%. **Остварувањата упатуваат на можноста инфлацијата во вториот квартал да биде поблиску до долната граница од интервалот проектиран** од НБРМ (помеѓу 5% и 5,5%). **Базичната стапка на инфлација**, којашто го исклучува ефектот од растот на цените на храната и на енергентите, **во мај се задржа на нивото од претходниот месец и изнесуваше 1,3%, на годишна основа**, што е во прилог на оцените за привремен и контролиран раст на цените. Констатацијата за стабилни очекувања за инфлацијата и за девизниот курс се потврдува и преку остварувањата на менувачкиот пазар, каде што во првите пет месеци на 2011 година беше остварен кумулативен нето-откуп на девизи во износ од 306,1 милион евра.

**Најновите високофреквентни податоци за економската активност во голема мерка ги потврдуваат очекувањата за зголемување на економската активност во првата половина на 2011 година**. Вредноста на **извршените градежни работи** продолжи да остварува високи годишни стапки на раст (од 52,3%) и во текот на март, при регистрирано засилување на годишната стапка на раст на **прометот во трговијата на големо и на мало** (11,4% и 38,5%, соодветно) и на **сообраќајот во телекомуникациите** (9,5%). Годишниот раст на **индустриското производство** во април и понатаму е висок и покрај забавувањето на годишна основа (11,8%, наспроти 24,5% во март), заради базниот ефект, главно кај производството на метали. Сепак, придонесот на производството на метали, како и производството на електрична опрема, нафтени деривати и облека се носечки индустриски гранки, а воедно имаат и најголем придонес за растот на извозот. **Растот на извозот во април се засили** (79 милиони евра, наспроти 56 милиони евра во март), во услови на постојано закрепнување на странската ефективна побарувачка и поволни движења на цените на металите. Поволните тенденции во домашниот извозен сектор придонесоа за поголем степен на искористеност на производствените капацитети, кој во април достигна 62,2%, наспроти 61,6% во март (57,9% во просек во 2010 година). Од друга страна, **силниот раст на увозот од почетокот на годината забави во март и април** (67 милиони евра и 81 милион евра, соодветно). Тоа се должи на понискиот увоз на интермедијарни производи (суровини и репроматеријали), при сè уште значителен ефект на растот на цената на нафтата на светските берзи врз увозот на нафта.

**Растот на домашното производство, заедно со зголемената искористеност на производствените капацитети, придонесува за зголемување на инвестициските потреби на домашниот деловен сектор.** Така, може да се очекува инвестициите да преставуваат еден од основните двигатели на растот на домашната економија во првите два квартала на 2011 година, што е во согласност со проекциите на НБРМ. Расположливите податоци за индикативните

категории ја потврдуваат оваа констатација. Така, во првите три месеци од годината е реализиран висок износ на странски директни инвестиции, што укажува, во комбинација со постојаниот раст на долгорочното кредитирање на претпријатијата од почетокот на годината, на повисоки домашни и странски приватни инвестиции. Растот на инвестициите е дополнително поттикнат и од високиот реален раст на државните капитални инвестиции во првиот квартал (18,9%) и нивното натамошно зголемување и во текот на април. Наспроти засилената домашна инвестициска активност, падот на реалната плата (за 2,1% на годишна основа), постепеното намалување на приливите од приватни трансфери, нето (со реална годишна стапка од 7,6%) и задржаниот континуитет на раст на штедењето на домаќинствата (со номинални годишни стапки од околу 15%), укажуваат дека во првиот квартал домаќинствата се воздржуваат од тековна потрошувачка. Сепак, подобрувањето на индикаторот на доверба на потрошувачите во април, за првпат од почетокот на годината, претставува сигнал за зголемен оптимизам кај домаќинствата. Се очекува ваквите поместувања, заедно со зголеменото штедење на домаќинствата во претходниот период, како и зголемениот обем на кредитирање на потрошувачката на домаќинствата во текот на април и мај (кумулативен раст на вкупните кредити на домаќинствата од 2,1% во овој период, споредено со 1,5% во првиот квартал), да создадат солидна основа за поголем раст на личната потрошувачка во следниот период. Сепак, во отсуство на понови податоци за клучните индикативни категории за личната потрошувачка, засега сè уште е рано да се констатира во која мерка таа ќе ја следи проектираната патека за вториот квартал.

Според последните расположливи податоци за билансот на плаќања, во првиот квартал на 2011 година беше остварен **дефицит во тековната сметка од билансот на плаќања во износ од 2,7% од БДП**, што претставува проширување од 1,5 п.п. во однос на истиот период на претходната година. Тоа се должи на **влошеното салдо во трговската размена** и **намалените приливи врз основа на приватни трансфери**. Приливите од **капитално-финансиската сметка изнесуваа 5,9% од БДП** и во најголем дел се приливи во форма на заеми, односно врз основа на средства коишто ги повлече државата од кредитната линија за претпазливост од ММФ (во износ од 220 милиони евра). Сепак, значителен дел од капиталните приливи беше реализиран и врз основа на странски директни инвестиции (во износ од 204 милиони евра, за четири пати повисоки во однос на истиот период од претходната година), што укажа на постепено зајакнување на довербата на странските субјекти за инвестирање во домашната економија. **Остварените капитални приливи овозможија целосно покривање на дефицитот во тековната сметка и дополнително акумулирање на девизните резерви**. Согласно со ваквите движења и при натамошно задржување на релативно поволни тенденции во надворешниот сектор и во текот на април и мај, **состојбата на бруто девизните резерви на 31.05.2011 година изнесуваше 1.883,1 милион евра и во однос на крајот на претходната година е повисок за 168,5 милиони евра**. Досегашната динамика на девизните резерви во голема мерка соодветствува со проекцијата за вториот квартал, упатувајќи на нивно натамошно одржување на адекватно ниво.

Во мај 2011 година продолжи растот на вкупниот депозитен потенцијал, што овозможи засилување на стапката на раст на вкупните кредити на банките. Така, **вкупните депозити во мај беа повисоки за 8,8%на годишна основа**, што се должи во целост на зголеменото штедење на домаќинствата (за 14,7%), при намалување на депозитите на претпријатијата од приватниот сектор (за 4,5%). Засилувањето на кредитната активност придонесе за **забрзување на годишната стапка на раст на вкупните кредити** од 7,8% во април, **на 8,4% во мај,** при натамошен доминантен придонес на секторот „претпријатија" (67%). Сепак, во

периодот март - мај 2011 година, засили растот на кредитите на домаќинствата на месечна основа, што може да укаже на подобрени очекувања на банките и домаќинствата и на можно побрзо закрепнување на сегментот „домаќинства" на кредитниот пазар во следниот период. Според остварените движења заклучно со мај, може да се констатира дека динамиката на вкупните депозити и кредити генерално соодветствува на проекцијата за второто тримесечје.

**Непроменета поставеност на монетарната политика во мај...**




Извор: НБРМ.

Каматната стапка на благајничките записи на НБРМ во мај остана непроменета на нивото од 4%.

**...при намалување на цените на месечна основа...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Домашните цени забележаа пад на месечна основа (за првпат по девет месеци), како сигнал за смирување на инфлациските притисоци и натамошно задржување на очекувањата за стабилна инфлација (базичната инфлација и натаму е стабилна).

**...и раст на девизните резерви**




Извор:НБРМ.

Поволните движења кај девизните резерви се задржаа и во текот на мај, со што на крајот на месецот тие изнесуваа 1.883,1 милион евра.

**Пад на домашните цени на храната и енергијата на месечна основа во мај...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Падот на цените на храната и нафтените деривати се причина за мајското намалување на општото ценовно ниво на месечна основа. Годишниот раст на цените на енергијата и натаму забавува, а засилувањето на годишната стапка на инфлација (5,2%) се должи на цените на храната (поради ниската споредбена основа).

**...и забавување на годишната инфлација во евро-зоната**




Извор: Еуростат.

Годишната стапка на инфлација во евро-зоната бележи забавување во мај (2,7%), заради забавениот раст на цените на горивата и нафтата за домаќинства. Исто така, забавување бележи и базичната годишна стапка на инфлација.

**Повторно зголемување на цената на нафтата на светските берзи од втората недела на јуни, но со умерена јачина**




Извор: Управа за информации за енергетиката (The Energy Information Administration) - статистичка агенција на Министерството за енергетика на САД и НБРМ.

Деветмесечниот растечки тренд на цената на нафтата беше прекинат во мај, сведувајќи се на ниво од 114,5 САД-долари за барел. Од 6 - 17 јуни цените на нафтата на светските берзи повторно растат движејќи се во просек од 117,3 САД-долари за барел. На 20.06.2011 година РКЕ донесе одлука за зголемување на малопродажните цени на нафтените деривати за 1,4%[1].

[1] Зголемувањето произлегува од поголемиот раст на цената на суровата нафта на светските берзи (2,9%) споредено со апрецијацијата на денарот во однос на САД-доларот (1,2%).

**Продолжува надолниот тренд кај реалната плата во економијата**




Извор: ДЗС.

Во март е забележано номинално месечно зголемување на платите (0,7%), но тие и натаму бележат реален пад, кој се продлабочува на годишна основа (3,8%), при пад на платите речиси кај сите дејности.

**Производството во индустријата во април бележи забавен раст...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Годишниот раст на индустриското производство во април забави, но сепак и натаму се одржува на високо ниво од 11,8%.

**...при намален позитивен придонес на металната индустрија (повисока споредбена основа)**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Годишниот раст произлегува од зголеменото производство кај помалку од две третини од вкупниот број гранки, коишто сочинуваат речиси 70% од индексот. Главен носител на растот во април е производството на електрична опрема, а значаен придонес имаат и зголеменото производство на нафтени деривати[2], облека, метали и тутунски производи.

[2] Во услови на ниска споредбена основа, заради редовниот ремонт на постојните капацитети, кој започна во март и заврши во втората половина на април 2010 година.

**Очекувањата на компаниите за производството во следните три месеци се значително поповолни**




Извор: ДЗС.

Поволните очекувања на раководителите од индустријата за обемот на производството во наредните три месеци продолжуваат и во април. Раководителите и натаму очекуваат раст на бројот на вработените и на продажните цени.

**Продолжува позитивната динамика во март и кај останатите сектори во економијата...**




Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

Од останатите сектори во економијата, движењата во март покажуваат забавување на годишниот раст кај вредноста на извршените градежни работи, кој сè уште е висок, при истовремено забрзување на годишниот раст кај трговијата на големо и на мало и кај телекомуникациите.

**... така што во првото тримесечје на 2011, реален раст бележат сите сектори, а највисок градежништвото...**




Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

Во првото тримесечје на 2011 година, гореспоменатите сектори бележат висок реален раст, а вредноста на извршените градежни работи дури и до 55,4%. Силината на растот на овие сектори упатува на повисок раст на економијата во споредба со претходниот квартал.

**...сепак има сигнали за забавување на градежната активност во наредниот период..**




Извор: ДЗС.

Во април 2011 година, вкупната вредност на издадените одобренија за градење ја продолжи негативната динамика на годишен раст, при значителен пад кај високоградбата, како најголема ставка.

Расположливите податоци за индикативните категории за побарувачката упатуваат на раст на економската активност во првиот квартал на 2011 година. Според првичните податоци за април, се очекува продолжување на позитивните трендови и во наредниот квартал[3].

[3] Види прилог-табели број 6, 7 и 8.

**Дефицитот на тековната сметка во март бележи натамошно проширување ...**




Извор:НБРМ.

Трендот на годишно проширување на дефицитот на тековната сметка кој започна од почетокот на годината продолжи и во март, но со забавено темпо. Така, во третиот месец тој изнесува 24,7 милиони евра.

**... што се должи главно на пониските тековни трансфери...**




Извор:НБРМ.

На влошувањето на дефицитот во најголема мера делуваа пониските тековни трансфери, а потоа и зголеменото трговско салдо, додека останатите компоненти на тековната сметка (услуги и доход) делумно го неутрализираа овој ефект.

**...и во целост е покриен со нето-приливите на капиталната сметка...**




Извор:НБРМ.

Воедно, растат и капиталните нето-приливи (во износ од 246,1 милион евра), коишто во целост го покрија дефицитот на тековната сметка и овозможија дополнително акумулирање девизни резерви.

**... коишто во најголем дел се должат на заемите и директните инвестиции**




Во март беа забележани високи нето-приливи врз основа на заеми (кредитната линија за претпазливост на ММФ) и врз основа на директни инвестиции, додека трговските кредити регистрираа нето-отплати.

**Во април, трговскиот дефицит е на речиси непроменето ниво, во однос на истиот период од 2010 година...**




Наспроти значителното проширување на трговскиот дефицит во првите два месеца на годината, во април дефицитот во размената на стоки е речиси на нивото од април 2010 година.

**...во услови на врамнотежен годишен раст на извозот и на увозот...**




Извор:ДЗС.

Извозот и увозот на стоки во април забележаа речиси идентична годишна промена (во апсолутни износи). Годишните стапки на раст на извозот и увозот изнесуваат 43% и 23%, соодветно и се одраз на базната основа.

**...растот на извозот главно се должи на интермедијарните производи...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Најголем придонес за годишниот раст на извозот и натаму има сегментот на интермедијарните производи, додека од останатите сегменти, во април, мал но сепак значаен придонес имаше и извозот на енергија.

**...додека растот на увозот главно се должи на енергијата...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Од друга страна, во услови на раст на цената на нафтата на светските берзи, најголем придонес за годишниот раст на увозот во април имаше увозот на енергија, а потоа и на интермедијарни производи. Останатите сегменти на увозот забележаа намалување на годишна основа.

**... при незначителни промени кај РЕДК...**




Извор:НБРМ.

Кај индикаторите за ценовната конкурентност на македонската економија во април не беа забележани поголеми поместувања, на годишна основа. РЕДК мерен според трошоците на животот апрецира незначително (0,3%), додека РЕДК мерен според индексот на цените на производителите продолжи *да апрецира забавено (3,5%)*.

**... во услови на апрецијација на НЕДК, на годишна основа**




Извор:НБРМ.

Индексот на НЕДК забележа блага апрецијација во април (1,5%) во однос на истиот месец од претходната година, заради апрецијацијата на денарот во однос на руската рубља, турската лира и српскиот динар, додека релативните цени пресметани според двата ценовни индекса забележаа дивергентни движења (релативните потрошувачки цени остварија пад, а релативните цени на производителите забележаа раст).

**Помал нето-откуп на менувачкиот пазар во мај...**




Извор:НБРМ.

Наспроти високите стапки на пад во претходните два месеца (во просек од 24%), во мај годишниот пад на нето-откупот на менувачкиот пазар се сведе на 8,1%. На кумулативна основа, нето-откупот на менувачкиот пазар е понизок (за 12%) во споредба со претходната година.

**...заради намалувањето на понудата на девизи**




Извор:НБРМ.

Во мај, понудата на девизи продолжува да се намалува, но со забавено темпо, додека, побарувачката на девизи е речиси на истото ниво од минатата година.

**Висок кумулативен раст на девизните резерви од почетокот на годината...**




Извор:НБРМ.

**...поради повлечените средства од кредитната линија на ММФ**




Извор:НБРМ

Од почетокот на годината до мај, бруто девизните резерви бележат кумулативен раст.

Растот на девизните резерви во најголем дел се должи на средствата од кредитната линија за претпазливост на ММФ повлечени од страна на државата.

**Годишниот раст на примарните пари е на нивото од претходниот месец...**




Годишниот раст на примарните пари во мај се задржа на нивото од претходниот месец (10,2%), при засилен раст на готовите пари во оптек и речиси идентичен раст на вкупните ликвидни средства на банките како и во претходниот месец.

**... на месечна основа, растот забавува, при што денарските депозити на државата се главниот тек на креирање на примарните пари**




Растот на примарните пари бележи забавување на месечна основа. Денарските депозити на државата делуваа во насока на креирање примарни пари, додека останатите извори претставуваа тек на повлекување на примарните пари.

**Годишниот раст на депозитите во мај со забавена динамика...**




Забавеното темпо на раст на вкупните депозити (со вклучени депозитни пари)[4] се задржа и во мај, кој претставува трет последователен месец на забавување на растот. Ова остварување во најголем дел се должи на базниот ефект.[5]

---

[4] Почнувајќи од јануари 2009 година, депозитите вклучуваат и пресметана камата.

[5] Во 2010 година, по умерениот месечен раст во јануари и февруари, вкупните депозити од март започнаа да растат позасилено. Воедно, во 2010 година исплатата на дивидендата од страна на една голема компанија се реализира во јули, додека во 2011 година, исплатата се изврши во април.

**...од валутен аспект, растот и натаму е предизвикан од депозитите во домашна валута...**




Извор: НБРМ.

Доминантен придонес во годишниот раст на вкупните депозити и понатаму имаат денарските депозити, и покрај нивниот побавен раст во мај.

**...од секторски аспект, новото штедење на годишна основа во целост произлегува од штедењето на домаќинствата...**




Извор: НБРМ.

Од аспект на секторската структура, растот на вкупните депозити во целост се должи на зголеменото штедење на домаќинствата, главно во денари, при негативен придонес на корпоративните депозити.

**...од рочен аспект, годишната промена на вкупните депозити главно се должи на долгорочните депозити**




Извор: НБРМ

Како и во претходниот месец, најголем придонес за порастот на вкупните депозити имаа долгорочните депозити. Сепак, забележано е определено зголемување на придонесот и на краткорочните депозити.

**Годишниот раст на паричната маса со забавена динамика и во мај...**




Извор: НБРМ.

Во мај, монетарниот агрегат М1 забележа забавен раст што доаѓа по значителното сезонско зголемување во април. Монетарните агрегати М2 и М4 растеа со забавена динамика, односно го задржаа трендот карактеристичен за претходните два месеца.

**...главно како резултат на побавниот раст на депозитните пари**




Извор: НБРМ.

Забавувањето на стапката на раст на М4 во мај во најголем дел произлегува од намалениот придонес на депозитните пари, при задржан, генерално, стабилен придонес на останатите компоненти.

**Забрзување на годишниот раст на вкупните кредити...**




Извор: НБРМ.

Во мај, забрзува растот на вкупните кредити на годишна основа (од 8,4%), наспроти забавувањето во претходниот месец.

**...од валутен аспект, растот во најголем дел е предизвикан од девизните кредити...**




Извор: НБРМ.

Од аспект на придонесот во годишниот раст на вкупните кредити, девизното кредитирање и понатаму доминира, при тренд на постепено зголемување на придонесот на кредитите во домашна валута.

**...од секторски аспект, корпоративните кредити и понатаму со доминантна улога во годишниот раст на вкупните кредити...**




Извор: НБРМ.

Од аспект на придонесот на двата главни сектора, годишниот раст на вкупните кредити и понатаму во најголем дел се должи на растот на корпоративните кредити.

**...од рочен аспект, пораст на вкупните кредити во целост како резултат на долгорочните кредити**




Извор: НБРМ.

Продолжува трендот на доминантен придонес на долгорочните кредити во годишниот раст на вкупните кредити, започнат од втората половина на 2010 година. При тоа, краткорочните кредити имаат негативен годишен придонес во последните три месеци.

**Благо зголемување на учеството на нефункционалните кредити во вкупните кредити**




Извор: НБРМ.

Мал раст на учеството на нефункционалните кредити во вкупните кредити, при зголемено учество на нефункционалното портфолио во вкупното портфолио на претпријатијата и стабилни движења кај секторот „домаќинства".

**Намалување на показателот за покриеност на кредитите со депозити**




Извор: НБРМ.

Во мај е забележано умерено намалување на овој показател, (наспроти трендот на зголемување од почетокот на годината), како резултат на поинтензивниот раст на депозитите во однос на кредитите. Ваквите поместувања укажуваат на помала искористеност на расположливиот депозитен потенцијал за кредитирање од страна на банките во мај, односно на постоење простор за поактивна кредитна активност во следниот период.

**Месечен пад на каматните стапки на меѓубанкарскиот пазар на депозити во мај**




Извор: НБРМ

Каматните стапки на меѓубанкарскиот пазар на депозити покажуваат тенденција на месечно намалување, при непроменета основна каматна стапка на НБРМ.

**Вкупната денарска активна и пасивна каматна стапка во април, на ниво од претходниот месец....**




Извор: НБРМ

Непроменети каматни стапки на вкупните денарски кредити и депозити во април, по месечниот пад во претходниот месец.

**...при непроменето ниво на вкупната девизна активна и пасивна каматна стапка**




Извор: НБРМ

Каматната стапка на девизните кредити и натаму е на нивото од јули 2010 година, при што каматната стапка на девизните депозити е задржана на истото ниво од март 2011 година.

**Непроменета каматна стапка на новоодобрените денарски кредити...**

Прекинат трендот на намалување на каматната стапка на новодобрените денарски кредити, при што во април каматната стапка го задржа нивото од претходниот месец, при понатамошен пад на каматната стапка на новопримените денарски депозити.




Извор: НБРМ

**...при раст на каматната стапка на новоодобрените девизни кредити**




Извор: НБРМ

Каматната стапка на новоодобрените девизни кредити бележи раст на месечна основа, при намалување на приносот на новоодобрените девизни депозити.

# СТАТИСТИЧКИ ПРИЛОГ

Табела 1

## ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ - ИНФЛАЦИЈА И НЕЈЗИНИТЕ КОМПОНЕНТИ

| | V.2011 / IV.2011 | V.2011 / V.2010 | I-V.2011 / I-V.2010 | V.2011 / IV.2011 | V.2011 / V.2010 | I-V.2011 / I-V.2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *промена во %* | | | *придонес во процентни поени* | | |
| **Вкупно** | ***-0.2*** | ***5.2*** | ***4.5*** | ***-0.2*** | ***5.2*** | ***4.5*** |
| **Исхрана** | **-0.4** | **9.6** | **7.8** | **-0.1** | **3.7** | **3.0** |
| Производи од жито | 0.4 | 15.7 | 11.2 | 0.0 | 1.0 | 0.7 |
| Свеж и преработен зеленчук | -3.3 | 13.4 | 6.4 | -0.2 | 0.8 | 0.4 |
| Свежо и преработено овошје | 3.9 | 12.6 | 10.9 | 0.1 | 0.3 | 0.3 |
| Свежо и преработено месо | 0.0 | 2.6 | 1.9 | 0.0 | 0.2 | 0.2 |
| Свежа и преработена риба | 1.0 | 2.1 | 1.2 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Свежо и преработено млеко | -0.2 | 3.5 | 3.3 | 0.0 | 0.2 | 0.2 |
| Свежи јајца | 0.0 | 11.2 | 10.4 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |
| Маснотии | -1.4 | 36.5 | 40.6 | 0.0 | 0.6 | 0.6 |
| **Тутун и пијалаци** | **0.1** | **1.1** | **1.0** | **0.0** | **0.1** | **0.1** |
| **Облека и обувки** | **0.3** | **1.6** | **1.2** | **0.0** | **0.1** | **0.1** |
| **Домување** | **0.0** | **4.3** | **3.5** | **0.0** | **0.7** | **0.6** |
| Стан (станарина, вода, услуги) | -0.1 | 6.8 | 6.3 | 0.0 | 0.2 | 0.2 |
| Огрев и осветление | 0.0 | 5.5 | 4.2 | 0.0 | 0.5 | 0.4 |
| Греење и услуги | 0.0 | 5.8 | 6.0 | 0.0 | 0.2 | 0.2 |
| Електрична енергија и осветлување | 0.0 | 5.4 | 3.2 | 0.0 | 0.4 | 0.2 |
| **Хигиена и здравје** | **0.1** | **3.4** | **2.2** | **0.0** | **0.3** | **0.2** |
| **Култура и разонода** | **-0.9** | **-2.8** | **-1.5** | **0.0** | **-0.1** | **-0.1** |
| **Сообраќајни средства и услуги** | **-0.3** | **2.9** | **4.2** | **0.0** | **0.4** | **0.6** |
| Течни горива и масла | -2.0 | 9.1 | 15.3 | -0.1 | 0.3 | 0.5 |
| Сообраќајни и птт услуги | 0.8 | 2.0 | 0.9 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |
| **Ресторани и хотели** | **-0.1** | **1.6** | **1.6** | **0.0** | **0.1** | **0.1** |
| **Останати услуги неспомнати на друго место** | **0.0** | **2.3** | **-2.6** | **0.0** | **0.0** | **0.0** |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Табела 2

## БАЗИЧНА ИНФЛАЦИЈА, ПРОДУКТИВНОСТ И ПЛАТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 | | | | 2011 | последни месеци | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | мар 11 | апр 11 | мај 11 |
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | |
| Инфлација (CPI) | 8.3 | -0.8 | 1.6 | 0.5 | 1.1 | 1.8 | 2.9 | 4.1 | 5.2 | 4.8 | 5.2 |
| Инфлација (CPI) - просек на кумулативна основа | 8.3 | -0.8 | 1.6 | 0.5 | 0.8 | 1.1 | 1.6 | 4.1 | 4.1 | 4.3 | 4.5 |
| Базична инфлација (без храна и енергија) | 2.6 | 0.3 | 0.2 | -0.2 | 0.1 | 0.2 | 0.6 | 1.0 | 1.2 | 1.3 | 1.3 |
| Регулирани цени | 9.3 | -1.8 | 11.3 | 12.9 | 11.9 | 9.9 | 10.3 | 7.1 | 8.9 | 7.5 | 6.5 |
| Цени на производители на индустриски п-ди | 10.2 | -7.0 | 8.7 | 7.3 | 10.5 | 8.4 | 8.6 | 13.6 | 15.3 | 13.3 | 10.8 |
| Продуктивност | 1.9 | -4.2 | -0.7 | -1.3 | 1.6 | 0.7 | -3.8 | - | - | - | - |
| Номинална нето-плата* | 10.3 | 9.8 | 3.0 | 3.3 | 2.2 | 2.9 | 3.6 | 1.9 | 1.2 | - | - |
| Реална нето-плата* | 1.9 | 10.8 | 1.4 | 2.8 | 1.1 | 1.1 | 0.7 | -2.1 | -3.8 | - | - |

*За 2009 година податокот е коригиран од структурната промена поради примената на концептот за бруто-плати, кој ги вклучува надоместоците за храна и превоз во платите.

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и НБРМ.

Табела 3

## НОМИНАЛНА И РЕАЛНА НЕТО ПЛАТА ПО ЕКОНОМСКИ ДЕЈНОСТИ*

| | 2011 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 | јан. | фев. | мар. | Кв.1 | јан. | фев. | мар. |
| | *номинални годишни промени во %* | | | | *реални годишни промени во %* | | | |
| **Вкупно** | 1.9 | 3.4 | 1.0 | 1.2 | -2.1 | 0.2 | -2.8 | -3.8 |
| ***Земјоделство*** | -1.2 | -3.3 | -1.1 | 0.9 | -5.1 | -6.3 | -4.8 | -4.1 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | -1.2 | -3.3 | -1.1 | 0.9 | -5.1 | -6.3 | -4.8 | -4.1 |
| ***Индустрија*** | 2.2 | 1.3 | 3.7 | 1.5 | -1.8 | -1.8 | -0.2 | -3.5 |
| Рударство и вадење на камен | 7.8 | 2.7 | 16.2 | 4.1 | 3.5 | -0.5 | 11.9 | -1.1 |
| Преработувачка индустрија | 4.4 | 5.1 | 6.4 | 1.8 | 0.3 | 1.8 | 2.4 | -3.2 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | -2.7 | -1.4 | -4.6 | -2.2 | -6.6 | -4.5 | -8.2 | -7.0 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 2.3 | 2.0 | 2.5 | 2.3 | -1.7 | -1.1 | -1.3 | -2.7 |
| Градежништво | 3.5 | 1.6 | 3.6 | 5.2 | -0.6 | -1.5 | -0.2 | 0.0 |
| ***Услуги*** | 3.0 | 4.7 | 0.9 | 3.5 | -1.0 | 1.4 | -2.9 | -1.6 |
| Трговија на големо и трговија на мало;поправка на моторни возила и мотоци | -0.6 | -2.5 | -3.9 | 4.8 | -4.5 | -5.5 | -7.5 | -0.4 |
| Транспорт и складирање | 2.4 | 2.7 | 0.7 | 4.0 | -1.6 | -0.5 | -3.1 | -1.1 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 0.0 | 0.9 | 0.6 | -1.4 | -3.9 | -2.3 | -3.2 | -6.3 |
| Информации и комуникации | 1.2 | 9.2 | -9.5 | 5.6 | -2.8 | 5.8 | -12.9 | 0.3 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 11.0 | 24.7 | 3.4 | 5.0 | 6.6 | 20.8 | -0.4 | -0.2 |
| Дејности во врска со недвижен имот | -4.2 | -12.1 | 0.3 | -0.6 | -8.0 | -14.9 | -3.4 | -5.5 |
| Стручни, научни и технички дејности | 2.8 | 0.6 | 6.1 | 1.9 | -1.2 | -2.6 | 2.1 | -3.1 |
| Административни и помошни услужни дејности | -6.6 | -6.2 | -12.1 | -1.0 | -10.3 | -9.1 | -15.4 | -5.9 |
| Јавна управа и одбрана;задолжително социјано осигурување | -0.2 | 0.8 | -1.1 | -0.3 | -4.1 | -2.3 | -4.8 | -5.2 |
| Образование | 4.2 | 6.2 | 6.7 | 0.0 | 0.1 | 2.9 | 2.7 | -4.9 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | -1.2 | -1.0 | -1.4 | -1.1 | -5.1 | -4.0 | -5.1 | -6.0 |
| Уметност, забава и рекреација | 6.8 | 3.7 | 9.1 | 7.9 | 2.6 | 0.5 | 5.0 | 2.6 |
| Други услужни дејности | 19.0 | 17.8 | 19.3 | 19.8 | 14.3 | 14.2 | 14.8 | 13.9 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

*ДЗС почнувајќи од јануари 2011 година ги објавува податоците за платите според НКД Рев.2. Податоците од новата класификација не се споредливи со расположливите податоци од старата класификација.

Табела 4

## ИНДУСТРИСКО ПРОИЗВОДСТВО И ОСТАНАТИ ЕКОНОМСКИ ДЕЈНОСТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 | | | | 2011 | Најнови податоци | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Јан-11 | Фев-11 | Март-11 | Апр-11 |
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | | |
| Бруто домашен производ | 5.0 | -0.9 | 0.7 | -1.7 | 0.2 | 1.6 | 2.3 | - | - | - | - | - |
| Индустриско производство | 5.1 | -8.7 | -4.8 | -9.3 | -0.9 | -3.6 | -6.0 | 13.8 | 4.9 | 10.9 | 24.5 | 11.8 |
| Градежништво | 25.6 | 13.7 | 14.9 | 7.6 | -7.4 | 35.9 | 20.3 | 61.8 | 49.6 | 86.2 | 52.3 | - |
| Трговија | 11.8 | -7.4 | 7.3 | 3.9 | 6.1 | 9.0 | 9.5 | 12.1 | 3.5 | 12.2 | 20.3 | - |
| Телекомуникации | 8.9 | 6.6 | 18.3 | 17.3 | 18.8 | 15.9 | 21.2 | 12.5 | 23.9 | 7.2 | 9.5 | - |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

## Табела 5

### СЕЛЕКТИРАНИ ИНДУСТРИСКИ ДЕЈНОСТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | 2011 Кв.1 | Април-11 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | *промена, %* | *придонес, п.п.* |
| Рударство и вадење на камен | 9.4 | -12.4 | -3.8 | -6.4 | -0.4 | 5.1 | -12.5 | 7.9 | 20.8 | 0.9 |
| Производство на прехранбени производи | 7.6 | -2.3 | 2.8 | 3.2 | 0.4 | 7.3 | 0.5 | -3.8 | 0.0 | 0.0 |
| Производство на пијалаци | 9.9 | -0.3 | -9.2 | -8.4 | -9.2 | -3.5 | -14.2 | -17.4 | -8.3 | -0.4 |
| Производство на тутунски производи | 1.9 | -3.2 | 19.6 | 15.4 | -14.0 | 29.0 | 66.4 | 1.3 | 23.1 | 1.2 |
| Производство на облека | -20.0 | -11.8 | -4.7 | -5.4 | 1.8 | -10.6 | -3.8 | 35.2 | 32.1 | 2.2 |
| Печатење и продукција на снимени медиуми (записи) | 57.3 | 26.8 | -34.2 | -52.8 | -44.7 | -17.1 | -14.5 | 8.6 | 19.4 | 0.5 |
| Производство на кокс и рафинирани нафтени производи | 1.6 | -8.9 | -6.2 | -46.9 | 14.8 | 19.6 | 14.5 | 43.0 | 2 пати | 2.5 |
| Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати | 25.2 | -13.2 | -2.8 | -4.8 | 4.4 | -6.1 | -4.7 | 11.0 | 7.6 | 0.3 |
| Производство на други неметални минерални производи | -3.0 | -12.1 | -14.2 | -25.8 | -21.8 | -2.1 | -7.8 | 13.1 | 11.2 | 0.9 |
| Производство на метали | -5.3 | -43.0 | 31.8 | 46.4 | 24.2 | 31.4 | 30.0 | 34.0 | 10.9 | 1.5 |
| Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема | 52.0 | 38.8 | -53.5 | -52.7 | 23.3 | -62.4 | -62.5 | 30.8 | -7.0 | -0.3 |
| Производство на електрична опрема | 27.8 | -24.8 | -43.2 | -69.7 | -58.1 | -15.3 | -5.3 | 2,9 пати | 2,9 пати | 4.1 |
| Производство на останата опрема за транспорт | -18.4 | -46.4 | 44.5 | 5.5 | 45.4 | 26.9 | 93.8 | 3,6 пати | 2,1 пати | 0.9 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | -3.1 | 8.7 | 14.4 | 19.1 | 38.5 | 6.9 | -3.8 | -3.1 | -6.3 | -0.9 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

## Табела 6

### ИНДИКАТИВНИ КАТЕГОРИИ ЗА ЛИЧНАТА ПОТРОШУВАЧКА

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2009 Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | 2010 Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | 2011 Кв.1 | Најнови податоци Фев-11 | Мар-11 | Апр-11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *реални годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | | |
| Промет во трговија на мало* | 3.1 | -2.9 | 2.2 | -4.0 | -3.6 | -3.7 | -0.6 | 1.1 | 1.5 | 4.4 | 39.6 | 31.4 | 25.1 | 31.6 | - |
| Приходи од ДДВ* | 1.4 | -1.9 | 5.4 | -8.5 | -14.0 | -3.8 | 20.3 | -0.1 | 23.1 | 6.0 | -4.2 | 15.1 | 13.5 | -7.6 | -14.2 |
| Увоз на стоки за широка потрошувачка* | 7.9 | -5.3 | 10.1 | -0.1 | -9.5 | -6.6 | -4.5 | 2.4 | 16.2 | 20.3 | 2.3 | 2.1 | 9.4 | -9.9 | -8.6 |
| Домашно производство на потрошни добра | 5.8 | -4.6 | -1.8 | -1.8 | -3.4 | -4.8 | -7.7 | -5.8 | -7.5 | 2.5 | 2.7 | 8.2 | 4.5 | 18.7 | 14.6 |
| Кредити на население* | 30.1 | 4.5 | 2.3 | 25.5 | 15.8 | 8.2 | 4.5 | -0.2 | 1.4 | 2.3 | 2.3 | 2.5 | 2.0 | 1.4 | 1.9 |
| Просечна нето-плата* | 1.9 | 10.7 | 1.4 | 11.8 | 14.1 | 10.4 | 6.8 | 2.8 | 1.1 | 1.1 | 0.7 | -2.1 | -2.8 | -3.8 | - |
| Приватни нето-трансфери* | -12.5 | 16.4 | 22.2 | -30.0 | 4.5 | 21.3 | 61.6 | 112.9 | 33.8 | 4.7 | 1.3 | -7.6 | -1.3 | -21.2 | - |
| Пензии* | 8.4 | 9.5 | 1.1 | 13.1 | 10.6 | 8.2 | 6.6 | 2.5 | 2.1 | 0.0 | 0.0 | -0.9 | -2.4 | 0.1 | -0.4 |

*реалните стапки на раст се пресметени од НБРМ, со делење на номиналните стапки на раст со годишната инфлација, мерена според трошоците на живот.

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

Табела 7

## ИНДИКАТИВНИ КАТЕГОРИИ ЗА ИНВЕСТИЦИИТЕ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2009 | | | | 2010 | | | | 2011 | Најнови податоци | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Фев-11 | Мар-11 | Апр-11 |
| | *реални годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | | |
| Увоз на средства за работа* | 22.3 | -6.4 | -14.8 | 24.2 | -11.2 | -9.7 | -20.2 | -35.5 | -12.4 | 1.7 | -9.6 | 8.4 | 21.0 | -11.4 | 20.2 |
| Извршени градежни работи* | 16.3 | 14.9 | 12.9 | -0.8 | 15.3 | 14.2 | 22.9 | 7.1 | -8.4 | 33.5 | 17.0 | 55.4 | 79.3 | 44.8 | - |
| Домашно производство на капитални производи | -1.0 | -23.1 | -10.8 | -22.7 | -39.7 | -17.7 | -5.1 | -27.7 | -5.9 | -12.7 | 5.1 | 64.5 | 82.0 | 47.4 | 44.8 |
| Државни капитални инвестиции* | 36.7 | -32.3 | 12.4 | -1.1 | 7.1 | -4.9 | -59.5 | 24.0 | -26.4 | 73.8 | -1.5 | 18.9 | 35.6 | 50.0 | 57.8 |
| Странски директни инвестиции* | 3.9 | -22.6 | -21.8 | 14.6 | 145.8 | -78.9 | -72.2 | -62.8 | -82.5 | 26.1 | 384.2 | 598.2 | 36.3 | 1397.3 | - |
| Долгорочни кредити на претпријатија* | 25.9 | 8.6 | 9.1 | 24.3 | 14.1 | 8.3 | 8.6 | 4.5 | 7.8 | 8.8 | 9.1 | 10.3 | 8.0 | 10.3 | 10.9 |
| Залихи на готови производи | -5.6 | -2.1 | -3.3 | 3.1 | 5.5 | -10.4 | -7.9 | -6.8 | -18.0 | -6.7 | -5.8 | 6.0 | 5.4 | 20.9 | 23.6 |

*реалните стапки на раст се пресметени од НБРМ, со делење на номиналните стапки на раст со годишната инфлација, мерена според трошоците на живот.

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

Табела 8

## БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (Централен Буџет и Буџети на Фондови)

| | 2010 | | | | Вкупно 2010 | 2011 | | Јан-Апр 2011 | годишни стапки на промени во 2011 година (во %) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *во милиони денари* | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | | Кв.1 | Апр. | | Кв.1 | Апр. | Јан-Апр |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **29,521** | **32,322** | **36,134** | **34,173** | **132,150** | **31,437** | **14,545** | **45,982** | **6.5** | **29.1** | **12.7** |
| **Даночни приходи и придонеси** | **25,295** | **28,151** | **29,176** | **29,818** | **112,440** | **27,332** | **10,418** | **37,750** | **8.1** | **4.4** | **7.0** |
| Даноци | 16,009 | 18,528 | 19,209 | 19,192 | 72,938 | 18,002 | 6,880 | 24,882 | 12.4 | 4.4 | 10.1 |
| Персонален данок на доход | 2,111 | 2,116 | 2,085 | 2,560 | 8,872 | 2,242 | 837 | 3,079 | 6.2 | 11.3 | 7.5 |
| Данок на добивка | 879 | 623 | 1,154 | 1,034 | 3,690 | 920 | 816 | 1,736 | 4.7 | 1,890.2 | 88.7 |
| ДДВ | 8,204 | 9,734 | 9,929 | 9,827 | 37,694 | 9,834 | 3,491 | 13,325 | 19.9 | -10.1 | 10.2 |
| Акцизи | 3,140 | 3,542 | 4,304 | 3,939 | 14,925 | 3,423 | 1,143 | 4,566 | 9.0 | 4.2 | 7.8 |
| Увозни давачки | 953 | 1,772 | 903 | 1,084 | 4,712 | 809 | 317 | 1,126 | -15.1 | -43.9 | -25.8 |
| Други даноци | 722 | 741 | 834 | 748 | 3,045 | 774 | 276 | 1,050 | 7.2 | 9.5 | 7.8 |
| Придонеси | 9,109 | 9,463 | 9,771 | 10,344 | 38,687 | 9,138 | 3,481 | 12,619 | 0.3 | 4.6 | 1.5 |
| Фонд за ПИОМ | 6,162 | 6,385 | 6,613 | 6,977 | 26,137 | 6,188 | 2,351 | 8,539 | 0.4 | 5.0 | 1.6 |
| Агенција за вработување | 400 | 400 | 412 | 439 | 1,651 | 388 | 149 | 537 | -3.0 | 5.7 | -0.7 |
| Фонд за здравствено осигурување | 2,547 | 2,678 | 2,746 | 2,928 | 10,899 | 2,562 | 981 | 3,543 | 0.6 | 3.7 | 1.4 |
| **Неданочни приходи** | **3,703** | **3,020** | **6,284** | **3,563** | **16,570** | **3,011** | **1,626** | **4,637** | **-18.7** | **48.8** | **-3.3** |
| **Капитални приходи** | **268** | **331** | **227** | **333** | **1,159** | **532** | **2,391** | **2,923** | **98.5** | **4,682.0** | **819.2** |
| **Странски донации** | **201** | **648** | **281** | **329** | **1,459** | **231** | **100** | **331** | **14.9** | **92.3** | **30.8** |
